ISSN 0579-0263

СОЈУЗ НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИСТОРИЈА

ГОД. XLIV СКОПЈЕ 2008 БРОЈ 1-2

ИСТОРИЈА

Година XLIV Скопје 2008 Број 1-2

# СОДРЖИНА

## СТАТИИ-ПРИЛОЗИ

Стефан ПАНОВСКИ
Римските народни собранија........................................................ 5

Александар АТАНАСОВСКИ
Институцијата император во Византија и зависноста на императорската власт од изборните колегии.......................... 23

Бобан ПЕТРОВСКИ
Византиската управа во Полог по уништувањето на Самуиловата држава.............................................................. 37

Драган ЗАЈКОВСКИ
Учеството на епископите од Македонија на Вселенските и помесни собори во IV век...................................................... 47

Габриела СИМОНОВА
Еретичките учења во Византија ( IV-V век)............................ 59

Весна ТОДОРОВСКА
Павликијанството и неговото ширење во Македонија.......... 71

Ivan BALTA
Problematika Julijanske akcije u Slavoniji te aktualizacija sličnih akcija u ostalim krajevima jugoistočne Europe.............................................................................. 83

Ванчо ЃОРЃИЕВ
Последиците за ТМОРО во Струмичко од активноста на месниот комитет во Ново Село (1901-1902 г.)......................... 101

Далибор ЈОВАНОВСКИ
Грчко-бугарските односи и прашањето на Македонија во осумдесеттите години на XIX век ............................................ 113

Борче ИЛИЕВСКИ
Краток историјат на популационите теории (прилог кон проучување на историската демографија)................................ 127

Страшко СТОЈАНОВСКИ
Инкорпорирање на Македонците муслимани како дел од македонската нација....................................................... 141

НАСТАВА

Невена ПЕТКОВСКА
Наставна техника “Од размислување до сознание” употребена во наставата по историја........................................ 159

Игор КОМЛЕНАЦ
За легијата во време на римската Република........................ 165

ПРИКАЗИ

Маја АНГЕЛОВСКА ПАНОВА
HERESY AND IDENTITY IN LATE ANTIQUITY, ed. by E. Iricinschi, H.M. Zellentin (Texts and Studies in Ancient Judaism). Mohr Siebeck, Tűbingen 2008, 407................................................ 173

Соопштение (извинување)........................................................ 179

In memoriam
Проф. ДУШИЦА ПЕТРУШЕВСКА
(1920 – 2008)

СТАТИИ - ПРИЛОЗИ

Стефан ПАНОВСКИ

# РИМСКИТЕ НАРОДНИ СОБРАНИЈА*

Мојата цел е да дадам краток преглед за начинот на кој функционирале римските собранија и за нивните овластувања во III и II век ст.е., т.е. во периодот за кој веќе располагаме со релативно бројни извори, па возможно е да се направи некаква реконструкција.

Но, најпрво за некои основни караткеристики на римските собранија. Собирите на римските граѓани се делеле на три типа – comitia, concilium и contio. Комитиите претставувале формални собранија на римските граѓани кои биле свикувани од највисоките државни магистрати, а имале одредени законодавни, управни и судски функции. Собирот, пак, на кој не присуствувал сиот римски народ, туку само дел од него, се нарекува конкилиј.[1] Од друга страна, неформалните собири на римските граѓани, на кои не се гласало, туку само се дискутирало на најразлични теми, се нарекувале contiones.[2] Сепак, дури и овие неформални собири се делат на две групи – собири што непосредно им претходеле на официјалните собранија, и каде се водела формална дебата (т.е. suasio/dissuasio) за предлогот, што веднаш потоа требало да се гласа во собранијата; и собири свикани ad hoc од некој магистрат или пак свештеник, со цел да им се обрати на граѓаните по некое прашање.[3]

Втората карактеристика е тоа што Римјаните не гласале поединечно, туку во групи – курии,[4] кентурии,[5] или триби.[6] Тешко е да се

---

[1] „Оној што наредува да присуствува само некој дел, а не сиот народ, треба да свика конкилиј, а не комитија." (A. Gell., xv.27.4).

[2] „contionem autem habere est uerba facere ad populum sine ulla rogatione" (A. Gell. xiii.16.3). Детално за contio кај G. W. BOTSFORD, *The Roman Assemblies - from their origin to the end of the Republic*, New York, 1909, 139-151; H. MOURITSEN, *Plebs and Politics in the Late Roman Republic*, Cambridge, 2001, 38-62.

[3] ibid. 38.

[4] Една од основните општествени единици во најраниот период од римската историја била куријата – заедница од неколку соседни фамилии. (v. Festus, s.v. curia; D.H., *Ant. Rom.*, II. 7. 3-4.; Cic. *De re publica*, II. 8. cf. *OCD*², s.v. curia (1)). Врз основа на куријата се темелела не само најстарата воена организација на Рим, туку

каже зошто бил воспоставен ваков систем на гласање.[7] Исто така, треба да се каже дека иако секој граѓанин имал право да зборува во собранието, дискусијата главно ја воделе магистратите и највидните луѓе во градот.[8] Поради ова, римскиот граѓанин имал многу попасивна улога во собранијата, одошто на пример обичниот атињанин.[9]

---

и најстарото римско собрание. Така, во куријатската комитија учествувале сите римски граѓани, распределени во куријата на која и припаѓале, при што секоја курија имала еден глас. Уште Ботсфорд (Botsford, *op.cit.*, 11-13) убедливо докажал дека старата теорија на Нибур, според која куријата е заедница од 10 родови нема потпора во античките извори. cf. И. А. Покровский, *История римского права*, Москва, 1999, 33-4. Дека куријата била составена од неколку фамилии кои живееле во непосредно соседство, упатува и тоа што две (од познатите седум) курии имаат територијални имиња – Foriensis и Veliensis. cf. Th. Mommsen, *Le droit public romain*, t.6. 1re partie, Paris 1889, 104 (n.3). Треба да се истакне дека поимот familia во најраниот период го немал денешното значење, туку означувал мала економска заедница (v. C. A. Perello, „Problems Concerning *familia* in Early Rome," *Roman Legal Tradition*, 4 (2008), 37-45).

5 Кентуријата била најмала единица во римската легија. Прво броела 100 војници, а подоцна бројот варирал меѓу 60 до 80.

6 Во најстариот период, Римјаните биле групирани во три триби – Тиции, Рамни и Лукери, но оваа групираност не била врз територијален принцип, туку според племенската припадност. Овие „етнички" триби сосема го загубиле значењето кога римската држава била поделена на територијални триби. Кога биле создадени овие територијални триби не може да се каже, но најверојатно поделбата била извршена или кон крајот на кралскиот период, или на почетокот од Републиката. Во прво време имало четири градски и 16 селки триби. Подоцна бројот постепено бил зголемуван, сè додека во 241 г. не достигнал 35 триби. Сите оние кои по 241 г. добивале римско граѓанско право, биле распоредувани во некоја од постоечките триби, со што трибите почнале да го губат територијалниот карактер. Трибата претставувала основна единица во Римската држава – и кенсусот и определувањето на даноците и воената регрутација биле спроведувани според територијалните триби. Со трибите управувале curatores tribuum, а за финансиските обврски на секоја триба се грижеле службениците наречени tribuni aerarii. v. L. R. Taylor, *Roman Voting Assemblies: From the Hannibalic War to the Dictatorship of Caesar*, Michigan 1990, 64-70.

7 Крофорд (M. Crawford, *The Roman Republic*², London, 1992, 194) претпоставува дека ваквата процедура во куријатската комитија била воспоставена од религиски причини, т.е. бидејќи била неопходна согласноста на сите курии, а подоцна истиот систем бил преземен и од останатите комитии.

8 cf. G. A. Kennedy, *A New History of Classical Rhetoric*, Princeton, 1994, 104-5.

9 Сепак, треба да се истакне дека немањето иницијатива на официјалните собранија делумно било надополнувано со неформалните собири, каде секој граѓанин можел да го искаже својот став.

Иако била најстара,[10] куријатската комитија во времето на Републиката имала минимални овластувања: 1) на собранието биле изготвувани тестаменти;[11] 2) биле инаугурирани некои службеници што добиле некаква свештеничка должност (како rex sacrorum и flamines); 3) се рашавало за проблемите и одлуките што се однесувале на внатрешните работи на куриите; 4) во куријатската комитија се спроведувал специфичниот тип на усвојување, наречен adrogatio;[12] 5) куријатската комитија им доделувала imperium и право на ауспикии на новоизбраните магистрати (lex de imperio curiata). Со текот на времето, значењето на куријатската комитија до толку било намалено, што од II век ст. е. веќе не ни биле свикувани сите граѓани, туку само 30 службеници од понизок ранг, наречени lictores curiati.

По донесувањето на lex Caecilia Didia (98 г. ст. е.), свикувањето на комитијата морало да се објави 17 дена пред закажаниот датум.[13] При гласањето за lex de imperio curiata, со комитијата претседавал некој магистрат, а во другите случаи, најчесто врховниот свештеник. Седниците најчесто се одржувале на комитиумот,[14] а понекогаш и на Капитолиј.

---

[10] Куријатската комитија била создадена уште во кралскиот период, но колкави биле нејзините овластувања во тоа време не е сосема јасно. v. A. MOMIGLIANO, „The origins of Rome,“ in *CAH²* VII.2, 105; F. GLINSTER, „Kingship and tyranny in archaic Rome,“ in S. LEWIS (ed.), *Ancient Tyranny*, Edinburgh, 2006, 17-32.

[11] Граѓаните на 24. март и 24. мај се собирале во куријатската комитија и тогаш ги составувале тестаментите (testamentum in comitiis calatis), а во тие пригоди со комитијата претседавал pontifex maximus. Опширно за овој процес кај A. ROMAC, „Rimsko zakonodavstvo i Zakonik dvanaest ploča,“ in *Zakonik dvanaest ploča* (preveo, uvod napisao i komentar sastavio A. Romac), Zagreb, 1994, 24-5.

[12] При adrogatio, римскиот граѓанин кој е слободен и не потпаѓа ниту под власта на таткото или пак на сопругот (т.е. лица sui iuris), преминува во друга фамилија, при што се менува и неговиот правен статус од самостоен, во подреден (persona alieni iuris). Опширно кај I. PUHAN, *Rimsko pravo*, Beograd, 1970, 157-8; ROMAC, *op.cit.*, 25-6; М. БАРТОШЕК, *Римское право: Понятия, термины, определения*, Москва, 1989, s.v. adrogatio. Оваа дејност на куријатската комитија најдолго го задржала значењето, особено во доцната Република, кога неретко патрикиите биле усвојувани од плебејци за да може да се кандидираат за народни трибуни (како Клодиј Пулхер). Токму куријатската комитија законски го одобрила тестаментот на Јулиј Кајсар и неговото усвојување на Октавијан.

[13] v. Cic., *De Domo Sua*, 16.42-43, 20.53; *Ad Att.*, ii.9.1.; *Phil.* v.8.

[14] Комитиумот бил некаков плоштад (cf. T. Liv., v.55.1.), каде се собирал народот, а бил поврзан со старата курија. Дури во 145 г., трибунот Ликиниј Крас го повел насобраниот народ од комитиумот на форумот (Varro, *Res Rust.*, i.2.9.). Подоцна, Гај Грак и неформалните собири (contiones) почнал да ги свикува на форумот. Мерката имала политички цели, бидејќи капацитетот на форумот бил многу поголем, што овозможувало учество на поголем дел од народот. Детално за комитиумот кај S. B. PLATNER , *A topographical dictionary of Ancient Rome*, completed and revised by T. ASHBY, London, 1929, s.v. comitium. cf. J. R. PATTERSON, „The City of Rome,“ in *CRR*, 355-6.

Како што покажува името, кентуријатската комитија произлегла од воената организација.[15] Оттаму, оваа комитија можеле да ја свикуваат (и со неа да претседаваат) само оние магистрати кои имале imperium.[16] Освен овие, право да ја свикува кентуријатската комитија имал и кенсорот, но само кога бил правен нов попис на граѓаните и на нивниот имотен кенс; но, притоа комитијата немала право ниту да гласа, ниту да донесува одлуки.[17] Во оние ситуации, пак, кога комитијата била свикувана поради избор на нови магистрати, со неа можел да претседава само консулот.

За свикувањето на кентуријатската комитија биле потребни повеќе формални предуслови. Пред сè, точно биле одредени деновите кога можело да се свикува кентуријатската комитија (dies comitiales),[18] додека пак тоа било забрането на празничните денови (dies nefasti) и на деновите одредени за состаноците на судовите (dies fasti).[19] Втор предуслов биле поволните ауспикии[20] – ако ауспикиите биле неповолни,[21] секоја одлука била

[15] Утврдувањето на времето и условите во кои била создадена кентуријатската комитија е сè уште проблематично и нема opinio communis. Во секој случај, кентуријатската комитија, во онаа форма во која ја опишуваат Ливиј (T. Liv., i. 43), Дионисиј од Халикарнас (D.H., *Ant. Rom.*, iv. 16-18), Кикерон (Cic., *De Re Pub.*, ii., 39-40) и Полибиј (Polyb., vi. 22-23) е резултат на повеќевековен развој, а нивните описи во голема мера се однесуваат на III век ст.е., т.е. по последното поголемо реформирање на комитијата (меѓу 241 г. и 218 г. ст.е.). Иако според традицијата создавањето на кентуријатската комитија е дело на Сервиј Тулиј, се чини дека тоа би требало да се помести за половина век подоцна, т.е. во првите години од Републиката. До времето на Законикот на XII таблици, таа постоела и веќе имала прилично големи овластувања. Детално кај Botsford, *op.cit.*, 66-99, 201-261; M. Cary & H. H. Scullard, *A History of Rome down to the reign of Constantine*[3], Hampshire - New York, 1975, 53-54; P. Fraccaro, „La storia dell' Antichissimo Esercito Romano e l' Età dell' Ordinamento Centuriato," *Atti II Congresso Nazionale di Studi Romani*, 3 (1931), 91-97; G. V. Sumner, „The legion and the centuriate organization," *JRS* 60 (1970), 67-78; G. Forsythe, *A Critical History of Early Rome - From Prehistory to the First Punic War*, Berkley - Los Angeles - London, 2005, 111-115; A. Drummond, „Rome in the fifth century II: the citizen community," in *CAH*[2] VII.2, 172-242, 199-204.

[16] Понекогаш и пониските службеници можеле да ја свикаат комитијата, но само откако ќе добиеле одобрение од консулот.

[17] Varro, *De. Ling. Lat.*, vi.93.

[18] Во времето на раното царство, вкупниот број на „собраниски" денови изнесувал 190.

[19] Varro, *De. Ling. Lat.*, vi.29.

[20] На денот за кој бил закажан собирот на комитијата, веднаш по полноќ, магистрат кој бил задолжен да претседава со следната комитија, придружуван од авгур ги набљудувал знаменијата (т.е. летот на птиците). cf. T. Liv., i.36.6.

[21] Неповолни ауспикии можел да пријави било кој магистрат, а не само оној што претседавал во комитијата. Исто така, друга причина за откажување на договорениот собир биле злокобните божји предзнаци (dirae).

незаконска.[22] По ова, магистратот двапати ги повикувал граѓаните да се соберат, при што најпрво бил одржуван неформален собир (contio), а дури потоа се свикувала комитијата. Кентуријатската комитија била свикувана надвор од границите на градот – на Марсовото поле, и секое заседание морало да заврши до зајдисонце.

Во прво време гласањето било јавно, при што граѓаните го давале својот глас со извикување, но подоцна (кон крајот на II век ст.е.) било воведено тајно гласање, при што гласачите добивале посебни таблички.[23]

Кентуријатската комитија имала тројни овластувања – а) изборни; б) законодавни; и в) судски.

а) На оваа комитија се избирале најважните државни магистрати – конзули, претори и кенсори.[24] Своевремено, тука биле избирани и конзуларните трибуни и вонредната комисија за запишување на законите (decemviri legibus scribundis).

б) Иако имала право да одлучува за секакви законски предлози, кентуријатската комитија мошне рано почнала да го споделува ова овластување со трибутската комитија и со плебејскиот конкилиј, па е тешко да се каже каква била распределбата на овластувањата (доколку воопшто и постоела некаква формална поделба). Во секој случај, изгледа дека – барем што се однесува до законодавната активност – кентуријатската комитија била потисната од споменатите собранија, па така од lex Hortensia до времето на Сула ниту еден поважен закон (најверојатно) не бил изгласан во оваа комитија.[25] Сепак, две законски одлуки останале цврсто во рацете на кентуријатската комитија – правото да објавува офанзивна војна (lex de bello indicendo)[26] и правото да им ги додели овластувањата на новоизбраните кенсори (lex centuriata de potestate

[22] Но, во доцната Република оваа процедура била толку често злоупотребувана, што на крајот било одлучено дека, ако Сенатот ја прифаќа одлуката, тогаш таа е законска. Во случај пак, кога некој магистрат ги толкувал знаменијата поволно, а друг неповолно, се прифаќало толкувањето на оној што бил на повисока функција.

[23] Кога избирале магистрати, граѓаните добивале празна табличка на која го запишувале името на кандидатот за кого гласале. При законодавни собири, добивале таблички – една потврдна (на која биле испишани буквите U.R. – uti rogas) и една одречна (на која била буквата A – antiquo). При судски собири пак, исто така добивале две плочки – едната за ослободување (L. – libero), а другата за осуда (D. – damno).

[24] Кандидатот не бил номиниран, туку самостојно ја истакнувал својата кандидатура. Но, бидејќи конзулот можел да ја отфрли неговата кандидатура со образложение дека не е погоден за вршење на функцијата, тој најчесто и официјално го известувал конзулот кој бил одреден да претседава со комитијата на денот на изборите за намерата да се кандидира.

[25] cf. Romac, *op.cit.*, 33-4. Обидот на Сула сите закони да се гласаат во оваа комитија завршил неуспешно.

[26] Ливиј бележи случај во кој трибутската комитија била таа што изгласала војна (vi.21.5), но во науката постои општа согласност дека станува збор за грешка.

censoria). Што се однесува до правото да објавува војна, ова овластување е директно поврзано со фактот дека кентуријатската комитија произлегла од старата воена организација, но и од уверувањето дека војната што од формален аспект не е прописно објавена, е безбожна и неправедна.[27] И правото на доделување на ингеренциите на кенсорите исто така произлегувало од потеклото и структурата на кентуријатската комитија, чиј состав и распределба на граѓаните директно зависеле од имотниот кенс. Но, бидејќи со време значењето и на кентуријатската комитија и на кенсорот почнало да опаѓа, и важноста на овој закон била намалена.[28]

в) Уште во раната Република, секој што бил осуден на смрт имал право да се жали пред кентуријатската комитија. Најчесто станувало збор за обвинети за убиство или пак за предавство. Доколку се чинело дека комитијата ќе ја потврди одлуката на магистратот, осудениот имал право да замине во доброволно прогонство. На комитијата дефинитивно ѝ биле одземени судските овластувања во времето на Сула, кога биле формирани постојаните судови; таму најстрогата казна била прогонство, па со тоа веќе немало потреба од жалби за смртни пресуди.

Уште од почетокот, кентуријатската комитија била поврзана со кенсот,[29] бидејќи токму според имотната состојба, граѓаните биле распоредувани во некоја од петте classes. Во оваа „најаристократска фаза" на кентуријатската комитија, гласачкиот систем бил таков, што им овозможувал на богатите да го контролираат гласањето. Имено, бидејќи најпрво гласале коњичките кентурии, а по нив оние од првата classis, тие заедно имале мнозинство (98 кентурии), па доколку тие гласале исто, воопшто немало потреба гласањето да продолжи. Поради ова, често се истакнува конзервативниот карактер на оваа комитија.[30] Меѓутоа, иако во

---

[27] ROMAC, *op.cit.*, 32.

[28] Овој закон за последен пат бил изгласан во 22 год. н.е.

[29] Кенсот бил државен регистар, кој се подготвувал во Рим заради одредување на даночните и воените обврски на граѓаните. Обично бил спроведуван на секои пет години. v. A. H. J. GREENIDGE, *Roman Public Life*, London, 1901, 221-224; *OCD*², s.v. census;

[30] Во периодот меѓу 241 г. и 218 г. ст.е., кентуријатската комитија била реформирана. Иако не може со сигурност да се каже кои биле причините и намерите што довеле до оваа реформа, со одредена резерва го прифаќам мислењето дека станува збор за обид на нобилитетот да ја задржи контролата над комитијата, бидејќи релативно малиот број на нобили бил распореден во селските триби, со што добивал голем број на кентурии, наспроти големиот број на богати еквестри кои пред сѐ биле трговци, па како беземјаши биле распоредени само во 4 градски триби. contra MOMMSEN, *op.cit.*, 318. Иако нема согласност ниту за тоа во што се состоела реформата, со релативно голема сигурност може да се претпостави дека: 1) коњичките кентурии го загубиле правото да гласаат први, а од кентуриите од првата classis со жреб се избирала онаа што прва ќе гласа; 2) бројот на кентуриите од првата classis бил намален на 70, при што се формирале по 2 од секоја од 35 триби; 3) вкупниот број на кентурии останал 193. Како биле

основа точно, мора да се земат во предвид и неколку забелешки: 1) за да се направи гласањето на останатите classes излишно, неопходно било сите кентурии од коњичката и првата classis да гласаат исто, а тоа секако не било загарантирано;[31] 2) често се превидува дека кенсот се проверувал на пет години,[32] така што некој што бил во првата classis, можел да падне во втората и воопшто, никому не му било загарантирано местото во онаа classis во која се наоѓал претходно. Така што, тешко е да се поверува дека членовите на овие classes постојано имале исти цели и намери. Дека и во оваа комитија можеле да се изгласаат „демократски" закони, доказ е тоа што lex Valeriae Horatiae, еден од клучните закони што овозможиле постепено засилување на плебејскиот конкилиј, бил изгласан токму во кентуријатската комитија.[33]

Трибутската комитија била составена од сите римски граѓани, распоредени според територијалната триба на која ѝ припаѓале.[34] Тие можеле да бидат свикани од сите магистрати што имале ius agendi cum populo, односно право да го свикуваат народот, без разлика дали имаат imperium.[35]

Исто како и кај кентуријатската комитија, предуслов за свикување на трибутската комитија биле поволните ауспикии. Трибата што гласала прва се избирала со жреб и се нарекувала praerogativa или principium. Кога

---

распределени 10 кентурии што биле одделени од првата classis останува нејасно. Исто така, не се знае дали и кентуриите од останатите classes биле координирани со територијалните триби. v. L. J. GRIEVE, „The Reform of the "Comitia Centuriata"," *Historia* 34/3 (1985), 278-309; J. J. NICHOLS, „The Reform of the Comitia Centuriata," *AJPh* 77/3 (1956), 225-254; E. S. STAVELEY, „The Reform of the Comitia Centuriata," *AJPh* 74/1 (1953), 1-33.

[31] Навистина, Ливиј нè убедува дека исклучително ретко доаѓало до несогласување меѓу горните кентурии (T. Liv., i. 43. 11), но неговото сведоштво само по себе не може да се земе како пресуден доказ.

[32] Во прво време се спроведувал на девет години, а потоа на пет. v. A. E. ASTIN, „The Censorship of the Roman Republic: Frequency and Regularity," *Historia* 31/2 (1982), 174-187.

[33] cf. M. JEHNE, „Methods, Models, and Historiography," in *CRR*, 18.

[34] Не може со сигурност да се каже кога била создадена трибутската комитија - најверојатно набргу по формирањето на плебејскиот конкилиј, чиј систем на собирање и гласање бил преземен и од новата комитија. Во секој случај до времето на Законикот на XII таблици веќе постоела. Имено, во IX табла се споменува maximus comitiatus, при што се претпоставува дека зад овој израз се крие кентуријатската комитија. Но, ценам дека фактот што е употребен суперлатив, а не компаратив, упатува на заклучок дека веќе постоеле повеќе од две комитии. cf. CARY & SCULLARD, *op.cit.*, 68. Бидејќи системот според кој граѓаните биле распределувани во оваа комитија бил поедноставен, а пак гласањето поефикасно, трибутската комитија со тек на време презела значителен дел од овластувањата на кентуријатската комитија (која сепак, барем теоретски исто така можела да расправа за истите предлози).

[35] PUHAN, *op.cit.*, 33.

се собирала заради избор на нови магистрати, трибутската комитија најчесто заседавала на Марсовото поле, додека пак во другите пригоди се собирала или на Капитолиј или пак на комитиумот.

И трибутската комитија имала а) изборни; б) законодавни; и в) судски овластувања.

а) На оваа комитија се избирале квесторите, курулските ајдили и сите други пониски магистратури, но и членови на некои специјални комисии.[36] Во видоизменет облик, трибутската комитија го избирала и врховниот понтифекс (pontifex maximus). Имено, со жреб се одбирале 17 од 35 триби, кои потоа го избирале новиот понтифекс. По донесувањето на lex Domitia de sacerdotiis во 104 г. ст. е.,[37] и членовите на колегиумите на авгурите, на понтифите, на XV viri и на VII viri epulones биле избирани од ваквиот изменет состав на трибутската комитија.

б) Трибутската комитија имала надлежност да одлучува за сите прашања што магистратите ќе ги доставеле до неа.[38] Како што веќе беше кажано, немало јасна одредба за тоа кои предлози биле предвидени да се гласаат на кентуријатската, а кои на трибутската комитија, па оттука е тешко да се каже кои од законите што се посведочени се гласани на едната, а кои на другата комитија. Всушност, се случувало ист закон да биде изгласан на двете комитии.[39] Според тоа, каде ќе се гласа за некој законски предлог одлуката била исклучиво во рацете на магистратот кој бил предлагач, при што главен критериум бил односот на политичките сили во сите овие тела.[40] Но, бидејќи политичкото значење на трибутската комитија постојано се зголемувало, генерално се мисли дека повеќето закони донесени во последните два века од Републиката биле изгласани од оваа комитија.[41] Се разбира, исклучок се оние закони за кои јасно било дефинирано каде треба да се гласаат, т.е. во кое собрание.

в) Што се однесува пак до судските овластувања, ајдилот кој имал право да ги гони римските граѓани за лихварство и за некои други престапи, овие случаи ги водел пред трибутската комитија. Исто така, римските граѓани имале право да се жалат пред трибутската комитија доколку биле осудени на mulcta suprema, односно највисоката парична

---

[36] Станува збор за шест колегиуми (X viri litibus iudicandis, IIII viri Capuam, Cumas..., III viri capitales, III viri monetales, IIII viri viis in urbe purgandis, II viri viis extra urbe purgandis) кои заедно како група се нарекувале Viginti Sex Viri. v. F. F. ABBOTT, *A history and description of Roman political institutions*, Boston - London, 1901, 209-211.

[37] Законот бил укинат од Сула, но веќе во 63 г. ст.е. бил повторно вратен на сила.

[38] PUHAN, *op.cit.*, 34.

[39] Законот за поништување на одлуката за прогон на Кикерон била изгласан и во кентуријатската, и во трибутската комитија, и во плебејскиот конкилиј!

[40] ROMAC, *op.cit.*, 32.

[41] ibid. 36.

казна која изнесувала 3020 аса.[42] Ваквата функција трибутската комитија во голема мера ја загубила откако биле формирани постојаните судови (quaestiones perpetuae).

Бидејќи плебејскиот конкилиј бил исклучиво плебејско тело,[43] го свикувале и со него претседавале или народниот трибун или пак плебејскиот ајдил. Конкилијот обично бил свикуван на пазарни денови, а било вообичаено закажаното собрание да се објавува три пазарни дена однапред. И на првиот и на вториот пазарен ден обично се свикувале contiones. По донесувањето на lex Aelia Fufia (c. 150 г. ст.е.)[44] и за собирање на плебејскиот конкилиј (најверојатно) било неопходно најпрво плебејскиот трибун да ги набљудува знаменијата.[45] Потоа, претседавачот ги свикувал плебејците на contio, а потоа трибите се собирале на конкилиј.

---

[42] Во постариот период, пред воведувањето на паричниот систем, оваа казна изнесувала две овци и 30 волови. cf. Festus, s.v. peculatus.

[43] Плебејскиот конкилиј најверојатно бил формиран непосредно по првата сецесија на плебејците, односно по воспоставувањето на трибунатот (494 г. ст.е.). Со оглед на тоа дека системот на територијални триби сè уште бил во иницијална фаза, а пак од друга страна плебејците биле дел од куриите, а со тоа и учествувале во куријатската комитија, претпоставката на Тејлор (T. M. TAYLOR, *A Constitutional and Political History of Rome - from the earliest times to the reign of Domitian*², London, 1910, 61) дека плебејскиот конкилиј во прво време бил заснован на куријатскиот систем е сосема веројатна. Според тоа, во оваа првична фаза станувало збор за concilia plebis curiata. Доколку било така, можеби тоа е причината што изворите сведочат дека народните трибуни во прво време се избирале од куријатската комитија. Иако не може да се исклучи и можноста дека претходно се гласало со општа акламација, а не според гласачки единици (cf. DRUMMOND, *op.cit.*, 1989, 198). Но, веќе во 471 г. ст.е., плебејскиот конкилиј бил реформиран така што сега се темелел на територијалните триби. Ваквата промена најверојатно била поттикната од практични причини – куријата веќе го загубила значењето во римското општество, наспроти трибата, која станала најважна територијално-административна единица. Па така, од ова време треба да се нарекува concilia plebis tributa. Според другото толкување, целта била да се исклучат плебејците безземјаши, бидејќи користејќи ги нив патрициите можеле да го контролираат и плебејскиот конкилиј (овие безземјаши биле во клиентски односи со патрициите).

[44] Станува збор за два закони со слична содржина, со кои се утврдувал принципот според кој ауспициите биле применувани пред закажаниот собраниски ден, а и го потврдиле правото на магистратите да ги прекинат комитиите поради неповолни знаменија. Исто така (најверојатно) било утврдено дека комитиите не може да се состануваат како законодавни тела во временскиот интервал меѓу објавувањето на конзуларните избори и денот на изборите. Овој закон бил укинат во 58 г. ст.е. со lex Clodia de Auspiciis. Станува збор за плебисцит изгласан на предлог на народниот трибун Клодиј Пулхер, со кој им се одземало правото на магистратите под изговор за неповолни ауспиции да ги блокираат одлуките на комитиите.

[45] Иако е дискутабилно дали овој закон важел и за плебејскиот конкилиј со оглед на тоа дека народните трибуни немале право на ауспиции.

Прво со жреб се одредувало во која триба ќе бидат распоредени Латините за да гласаат, а потоа се бирала трибата што гласала прва (principium). Откако првата триба гласала, следеле останатите триби, кои гласале истовремено.

Плебејскиот конкилиј заседавал во Рим, и тоа или на комитиумот или пак на Капитолиј. Ваквата пракса произлегувала од тоа што овластувањата на народниот трибун биле ограничени само во границите на градот, па тој не би можел да претседава со конкилиумот доколку се собирал надвор од Рим.

Плебејскиот конкилиј бил свикуван за а) избирање магистрати; б) донесување закони и в) одлучување за граѓански жалби.

а) Како исклучиво плебејско тело, на плебејскиот конкилиј се избирале народните трибуни и плебејските ајдили. Во времето на Тибериј Грах, плебејскиот конкилиј ги избирал и членовите на комисијата одредена за распределба на државната земја.

б) Законодавната дејност на плебејскиот конкилиј главно била во доменот на приватното право. Овие одлуки се нарекувале plebiscita и во прво време биле обврзувачки само за плебејците. Но, по донесувањето на неколку закони – lex Valeriae Horatiae (449 г. ст.е.),[46] leges Publiliae Philonis de plebiscitis (339 г. ст.е.)[47] и lex Hortensia de plebiscitis (287 г. ст.е.)[48] – одлуките на плебејскиот конкилиј добиле сила на закон (па често се нарекуваат и leges plebeiscitum) и биле обврзни за сите Римјани. Од тогаш, овој конкилиј можел да гласа за кој и да е предлог што ќе го поднесел плебејскиот магистрат.[49]

в) Народниот трибун, кој имал право да ги гони магистратите заради разни престапи[50] овие случаи ги водел пред плебејскиот конкилиј. Исто така, тука биле сослушувани и жалбите на римските граѓани кои народниот трибун ги осудил на парична казна. Подоцна, со установувањето на постојаните судови, и од плебејскиот конкилиј постепено биле одземани судските овластувања.

Бидејќи и трибутската комитија и плебејскиот конкилиј се засновале на територијалните триби, и имале сличен систем на функционирање, а и бидејќи изворите се чини дека не прават јасна разлика меѓу нив, дел од современите историчари мислат дека всушност не станува

[46] v. T. Liv., iii. 55. 3.

[47] v. T. Liv., viii. 12. 15-17.

[48] v. Gai, *Instit.* i. 3; Iust., *Instit.*, i. 2.; *Dig.*, i. 2.

[49] Така на пример, законите на Габиниј (lex Gabinia de piratis persequendis) и на Манилиј (lex Manilia de libertinorum suffragiis), со кои на Помпеј му биле доделени вонредни овластувања, биле изгласани на плебејскиот конкилиј.

[50] Најчесто поради кукавичлук, присвојување на државно земјиште и незаконско продолжување на државна функција.

збор за две собранија, туку само за едно и тоа трибутска комитија.[51] Сепак и понатаму преовладува, како што вели Форсајт „ортодоксната теорија" според која имало две собранија.[52] Иако нема решение за прашањево, веројатноста дека имало две собранија засега сепак е поприфатлива.

Нема сомнение дека плебејците на некаков собир, на кој не присуствувале патрикиите, гласале за предлози поднесени од плебејските магистрати.[53] Од друга страна пак, трибутската комитија била составена и од патрикии и од плебејци. Навистина е тешко да се поверува дека во времето на најжестоките борби меѓу патрикиите и плебејците, вториве би дозволиле народните трибуни и плебејските ајдили да се избираат на патрикиско-плебејска комитија (каква што била трибутската комитија).[54] Згора на тоа, народниот трибун немал право на ауспикии, па според тоа и не можел ниту да свикува ниту да претседава со било која комитија,[55] наспроти плебејскиот конкилиј што не бил обременет со такви формалности.[56] Од друга страна пак, квесторите од 447 г. ст.е.[57] се избирале на трибутската комитија.[58] Како што се знае, одлуките на квесторите биле обврзувачки и за патрикиите и за плебејците. Оттаму, исто така тешко да се поверува дека во V век патрикиите би дозволиле една патрикиска магистратура да се избира на плебејска комитија.[59] Суштината на проблемот веројатно е во тоа што по 287 г. ст.е. плебејските одлуки добиле значење на закон, па ингеренциите на двете собранија во голема мера се изедначиле,[60] што веројатно внело забуна во изворите. Исто толку значајно е и тоа што од III век, а особено во II век доаѓа до големи економски промени, при што голем дел од старата аристократија ја загубила економската моќ, па некој Римјанин кој по раѓање бил патрикиј,

[51] Најдетално оваа теза ја образложил Ботсфорд (BOTSFORD, *op.cit.*, 119-138), кој заклучува дека плебејски конкилиј никогаш немало, а дека во зависност од тоа кој претседава со трибутската комитија, таа се делела на comitia tributa populi и comitia tributa plebis. Ова толкување го прифаќаат FORSYTHE, *op.cit.*, 180; R. DEVELIN, „Comitia tributa plebis," *Athenaeum* 53 (1975), 302-337; ibid., „Comitia tributa again," *Athenaeum* 55 (1977), 425-6; M. МИРКОВИЋ, *Римска држава под краљевима и у доба републике (753 – 27. пре Хр.) – историја и институције*, Београд, 2002, 117.

[52] За привзрзаниците на традиционалното толкување v. FORSYTHE, *op.cit.*, 180.

[53] Festus, s.v. scita plebei: scita plebei appellantur ea, quae plebs suo suffragio sine patribus jussit, plebeio magistratu rogante.

[54] За составот на трибутската комитија v. GREENIDGE, *op.cit.*, 445-6.

[55] Оттука, поделбата на comitia tributa populi и comitia tributa plebis е неприфатлива. contra J. A. NORTH, „The Constitution of the Roman Republic," in *CRR*, 262-263.

[56] Детално образложение во прилог на две собранија кај MOMMSEN, *op.cit.*, 367-370; L. R. TAYLOR, *op.cit.*, 61-64. cf. H. S. JONES & H. LAST, „The Early Republic," in *CAH* VII, 451-2,

[57] Tac., *Ann.*, xi.22.

[58] Cic., *Ad fam.*, vii.30.1.

[59] Дури од 409 г. за квестори можеле да се кандидираат и плебејците.

[60] Со исклучок на изборот на различни магистрати.

по економскиот статус се изедначил со плебсот (сфатен во економска смисла), со што составот на собранијата станал уште посличен. Исто така, не треба да се заборави дека со leges Liciniae Sextiae (367 г. ст.е.), дошло до целосно изедначување меѓу патрикиите и плебејците, со што плебејското движење го изгубило идентитетот, а со тоа и плебејскиот конкилиј како столб на плебејскиот суверенитет го изгубил значењето.[61]

Значи до средината на III век ст.е. во Рим имало четири собранија, од кои дури три имале прилично слични овластувања, што секако внесувало забуна кај повеќето римски граѓани. За да се објасни ваквата состојба, мора да се има на ум дека „институциите претставуваат спонтан израз на општеството што соодветствуваат на неговите потреби или пак ги отелотворуваат неговите идеали.“[62] Оттука, неопходно е да се проучат општествените прилики во Рим од крајот на кралскиот период и од времето на раната Република. Но, изворите со кои располагаме се со таков квалитет, што историјата на Рим од кралскиот и ранорепубликанскиот период е невозможно целосно да се реконструира.[63] Имено, нашите главни извори за најстарата историја на Рим се Тит Ливиј, Дионисиј од Халикарнас и Диодор Сикулски, кои живееле пет века по укинувањето на кралството.[64] Воопшто и не треба да се истакнува колку овие дела содржат намерни и ненамерни анахронизми, поради што сите податоци мора да се прифатат со огромна резерва. Но, уште поголем проблем е тоа што дури и од изворите што им биле на располагање на овие автори,[65] ниту еден не е современ на кралскиот период или на раната Република. Навистина археолошките откритија во голема мера го унапредуваат нашето знаење за овој период, но за проблемот што овде нè засега, не се од помош. Можеби најдобар пример за тоа колку се оскудни изворите за најраната римска историја е фактот што првиот консул што е познат од современ документ е

[61] v. T. J. CORNELL, „The recovery of Rome,“ in *CAH*² VII.2, 334-347.

[62] J. B. BURY, *The Idea of Progress*, London, 1920, 210.

[63] Извонреден приказ за проблемите со кои се соочуваат сите оние научници што се зафаќаат со истражувањето на најстарата римска историја дава F. MILLAR, „Political Power in Mid-Republican Rome: Curia or Comitium?,“ in F. MILLAR, *The Roman Republic and the Augustan Revolution*, edited by H. M. COTTON & G. M. ROGERS, North Carolina, 2002, 85-108. cf. E. PAIS, *Storia critica di Roma durante i primi cinque secoli*, vol.1 parte seconda, Roma, 1913, 648-651.

[64] За изворите за раната историја на Рим, v. R. M. OGILVIE & A. DRUMMOND, „The sources for early Roman history,“ in *CAH*² VII.2., 1-29; FORSYTHE, *op.cit.*, 59-82; CARY & SCULLARD, *op.cit.*, 57-61.

[65] Постарите аналисти, Полибиј, разните патрикиски пофални песни и преданија, натписите и понтификалните анали. Дури и најстарите римски аналисти веќе биле неколку векови одалечени од кралскиот период, а изворниот материјал што им бил на располагање не бил доволен да се надополни оваа временска дистанца. Парадоксално е тоа што историографите од I век ст.е. напишале поопширни и подетални истории за најстариот период од римската историја, иако нивните претходници, кои биле еден до два века постари, не го направиле тоа.

Марк Фулвиј Флак, кој бил избран во 264 г. ст.е.![66] Што е уште поважно за нашава тема, секогаш мора да се има на ум дека уставните промени не биле дело на еден или на повеќе реформатори, туку најчесто биле спроведувани постепено низ долг временски период, а тоа било правено со многу помала систематичност одошто нѝ кажуваат изворите.[67]

Па сепак, можеби најголемиот проблем е во современите историчари, кои упорно се трудат да изградат логична и сосема јасна слика за Рим во овој најстар период.[68] Ако се прифати дека во најдобар случај имаме само мали делчиња од севкупната слика, без притоа да инсистираме на поврзана наративна историја, можеме да претпоставиме дека ги знаеме барем главните одлики на овој период. Генерално, може да се каже дека историјата на раната Република е карактеристична по речиси непрекинатата борба меѓу патрикиите и плебејците[69] и постојаните војни со соседите.[70] Како резултат на надворешните војни, од една страна се зголемувало значењето на кентуријатската комитија, но од друга пак, се зголемувало и значењето на римскиот плебс кој постепено добивал сè поголем удел во воените обврски. Од друга страна пак, постојаните опасности од надворешните непријатели, оневозможувале општествено-социјалната борба во Рим да прерасне во отворена граѓанска војна. Наместо отворен судир, плебејците преку создавање на сопствени

---

[66] Станува збор за фрагменти од два идентични натписи: M. FOLVIO Q. F. COSOL. D. VOLSINIO CAPTO. v. F. Coarelli, *Il foro Boario*, 1988, 213-6 (цитиран кај MILLAR, *op.cit.*, 97). Пронаоѓањето на нови натписи веројатно во одредена мера ќе помогнат во расветлувањето на овој период, но и тие мора да се земаат со голема доза на резерва, бидејќи дури и Ливиј (кој баш и не е познат по преголемата ревносност во проверката на веродостојноста на изворите) се жали дека римските семејства, обидувајќи се да ја истакнат својата старост и заслуги за државата, преку претерани пофални песни и поставување на лажни натписи внеле уште поголема забуна во и така несигурните извори. (T. Liv., viii.40.4-5.) cf. Cic. *Brut.*, 62.

[67] Впрочем, како што вели Форсајт, „законската и конституционална теорија најчесто се јавува во предвечерието на значајни историски промени, а потоа, за да ја оправда промената и да покаже континуитет, создава post eventum системи кои се логички кохерентни, но неисторични.“ (FORSYTHE, *op.cit.*, 110).

[68] Добар приказ за овој период кај A. MOMIGLIANO, *op.cit.*, 52-112; CARY & SCULLARD, *op.cit.*, 41-56, колку што е можно повеќе се држат до историографската традиција. cf. FORSYTHE, *op.cit.*, 78-124; P. FRACCARO, „The History of Rome in the Regal Period,“ *JRS* 47/1-2 (1957), 59-65.

[69] За борбите меѓу патрикиите и плебејците, v. DRUMMOND, *op.cit.*, 212-242; CARY & SCULLARD, *op.cit.*, 62-69, 75-83 и студиите кај K. A. RAAFLAUB (ed.), *Social Struggles in Archaic Rome - New Perspectives on the Conflict of the Orders*², Malden - Oxford - Victoria, 2005 (особено статиите на Ришар, Мичел, Момиљано и Рафлауб).

[70] За војните во Италија v. CARY & SCULLARD 1975, 70-74, 84-96; H. LAST, „Rome and Her Neighbours in the Fifth Century,“ in *CAH* VII, 485-518; L. HOMO, „The Gallic Wars of Rome,“ in *CAH* VII, 554-580; F. E. ADCOCK, „The Conquest of Central Italy,“ in *CAH* VII, 581-616.

магистратури - пред сè народниот трибун - и собрание (т.е. плебејскиот конкилиј) создале еден вид паралелен систем, преку кој се обидувале да се изборат за своите права.

Како последица на сè поголемото значење на дел од плебејските семејства и на плебејците воопшто, но и на прилично големите човечки загуби што ги претрпеле патрикиските семејства во постојаните војни, израмнувањето во политичките права меѓу патрикиите и плебејците станало неизбежно и само прашање на време. Конечно со законот на Хортенсиј од 297 г. ст.е., старата поделба, барем што се однесува до политичките права de facto ја снемало.[71] Но, со тоа и плебејските институции сега дефинитивно станале дел од државниот систем. Токму како последица на ваквото „стопување", римскиот систем бил дополнително усложнет, но очигледно Римјаните не почуствувале потреба од радикални промени и овој систем се одржал сè до крајот на Републиката.[72]

| | Comitia Curiata | Comitia Centuriata | Comitia Tributa | Concilium Plebis |
|---|---|---|---|---|
| Гласачки единици | 30 курии, по 10 од Титии, Рамни и Лукери | 193 кентурии | 35 триби | 35 триби |
| Состав | еден ликтор за секоја курија | сите граѓани | сите граѓани | плебејци |
| Претседавач | консул, претор и врховен свештеник | консул, претор, диктатор, interrex | консул, претор, курулски ајдил | народен трибун, плебејски ајдил |
| Избори на магистрати | | консул, претор, кенсор | курулски ајдил, квестор, пониски магистрати, посебни комисии | трибун, плебејски ајдил, посебни комисии |

[71] v. R. DEVELIN, „The Integration of the Plebeians into the Political Order after 366 B.C," 293-311 и J. VON UNGERN-STERNBERG, „The End of the Conflict of the Orders", 312-332, обете in K. A. RAAFLAUB (ed.), *op. cit.*

[72] Добар преглед за уредувањето на Републиката, кај J. S. REID, „The Roman Constitution," in J. E. SANDYS (ed.), *A Companion to Latin Studies*, Cambridge, 1910, 243-286; T. C. BRENNAN, „Power and Process under the Republican „Constitution"," in H. I. FLOWER (ed.), *The Cambridge Companion to the Roman Republic*, Cambridge, 2004, 31-60 и NORTH, *op. cit.*, 256-277.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Rogationes (законодавство) | lex curiata, посвојувања | објава на војна; ратификување на мировни договори и сојузи; доделување на кенсорски овластувања; разни закони (ретко по 218 г. ст.е.) | разни закони (вообичаено во доцната Република) | разни закони (по 287, кога plebiscita имаат сила на leges) |
| судски овластувања | | жалби за смртна казна (ретки во I век ст.е.) | жалби за највисоки парични казни (подоцна заменети од судовите) | жалби на пресудите на народните трибуни (подоцна заменети од судовите) |
| Место за состанување | комитиј или Капитолиј | најчесто на Марсово поле | за избори најчесто на Марсово поле; за донесување закони најчесто на комитиј или на Капитолиј | комитиј или Капитолиј |

I. Табла: Табеларен приказ на римските собранија:[73]

[73] Табелата е преземена од CRAWFORD, *op. cit.*, 196 и NORTH, *op. cit.*, 261.

| Бр. | Состав и редослед на гласање | | број на гласови |
|---|---|---|---|
| 1. | Equites equo publico<br>6 првични кентурии (од старите племенски триби на Титии, Рамни и Лукери) и 12 подоцнежни кентурии (според традицијата додадени од Сервиј Тулиј) | | ***18*** |
| 2. | Pedites<br>170 кентурии, поделени во две старосни групи (iuniores, од 17 до 46 години; и seniores, од 46 до 60 години) и пет classes, зависно од имотната состојба. | | ***170*** |
| | Pedites: classes | Pedites: број на кентурии | |
| | classis prima | 80: 40 iun., 40 sen. | (80) |
| | classis secunda | 20: 10 iun., 10 sen. | (20) |
| | classis tertia | 20: 10 iun., 10 sen. | (20) |
| | classis quarta | 20: 10 iun., 10 sen. | (20) |
| | classis quinta | 30: 15 iun., 15 sen. | (30) |
| 3. | пет невооружени кентурии: занаетчии, музичари, accensi, proletarii, кои не биле распределени во ниедна од постоечките classes.[74] | | ***5*** |

Табла II. Кентуријатската комитија според „на Сервиј Тулиј“.[75]

[74] На секое гласање во кентуријатската комитија, овие 5 кентурии биле привремено придодавани на некоја од петте classes. Заедничките гласови на 18 кентурии на equites и 80 кентурии од првата classis, имале мнозинство, па доколку тие гласале исто, тогаш комитијата се распуштала без да се повикаат и останатите classes да гласаат.

[75] Табелите II и III се преземени од L. R. TAYLOR, *op.cit.*, 84.

| Бр. | Состав и редослед на гласање | број на гласови |
|---|---|---|
| 1. | Centuria praerogativa (една кентурија избрана со ждреб од iuniores од првата classis). | *1* |
| 2. | Classis prima (34 кентурии на iuniores и 35 кентурии na seniores), 12 кентурии на equites и 1 кентурија на занаетчии. | *82* |
| 3. | Шест кентурии на Титии, Рамни и Лукери (sex suffragia) | *6* |
| 4. | Classes II-V, составени од 100 гласачки кентурии; поделбата и организацијата на овие кентурии не е јасна. 4 невооружени кентурии (музичари - 2 кентурии, accensi, proletarii, кои најверојатно гласале со петата classis) | *104* |

Табла III. Кентуријатската комитија по реформата во III век ст.е.[76]

Кратенки:

*AJPh* = *American Journal of Philology*

*CAH* VII = S. A. Cook, F. E. Adcock & M. P. Charlesworth (eds.), *The Cambridge Ancient History*, vol. VII *The Hellenistic Monarchies and the Rise of Rome*, Cambridge, 1928.

*CAH*[2] VII.2 = F. W. Walbank, A. E. Astin, M. W. Frederiksen, R. M. Ogilvie & A. Drummond (eds.), *The Cambridge Ancient History*[2], vol.VII. part 2. *The Rise of Rome to 220 B.C.*, Cambridge, 1989.

[76] По оваа реформа pedites станале единици од 35 територијални триби. Првата classis била составена од по 1 кентурија на iuniores и 1 кентурија на seniores од секоја триба (вкупно 70 кентурии). За постигнување на мнозинство неопходни биле и гласовите од втората classis.

*CRR* = N. ROSENSTEIN & R. MORSTEIN-MARX (eds.), *A Companion to the Roman Republic*, Malden, 2006.

*JRS* = *Journal of Roman Studies*

*OCD*[2] = N. G. L. HAMMOND & H. H. SCULLARD (eds.), *Oxford Classical Dictionary*[2], Oxford, 1970.